[illegible] ИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
[illegible]ШТИНА БЕРОВО
Бр. 03-3994/2
12 11 20 25 год.
БЕРОВО

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и Општина Берово, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија за мерка 7.1 Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ и Буџетот на Општина Берово на ден 13.11.2025 година се објавува:

# Ј А В Е Н  П О В И К

до

евидентирани невработени лица за вклучување во

Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица, активни баратели на работа со **стекнат сертификат за давател на социјална услуга** според описот на работните позиции кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект “Се грижиме, дејствуваме” за вклучување/работно ангажирање со **40 часа неделно** во период од **18 (осумнаесет) месеци** заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Берово.

**Вкупниот период на влученост и работниот ангажман на невработените лица преку програмата изнесува 18 месеци.**

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа“ ќе бидат работно ангажирани со 40 часа неделно во период од 18 (осумнаесет) месеци, статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ имаат сите невработени лица активни баратели на работа со стекнат сертификат за давател на социјална услуга.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од **28.000,00 денари** бруто износ за работното ангажирање, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- Долгорочно невраборени лица( над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години)
- Млади лица до 29 години
- Лица постари од 50 години
- Лица корисници на гарантирана минимална помош
- Лица припадници на ромска етничка заедница
- Лица корисници на паричен надоместок по основ на невраборенност
- Лица кои имале статус на деца без родители и родителска грижа
- Самохрани родители
- Родители на 3 и повеќе деца

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

**Работно место 1:**Неговател на стари и изнемоштено лица-во домашни услови

Позиции за работно место 1: *2 позиции*

Потребни квалификации и занимања за Работно место 1:

Основно образование,средно тригодишно или четиригодишно средно училиште со **стекнат сертификат за негувател на стари и изнемоштени лица**. Право на учество во Програмата "Општинско-корисна работа "имаат невработени лица кои се евидентирани како активни баратели на работа во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, при што приоритет ќе имаат соодветните целни групи дефинирани во Програмата.

**Работно место 2:** Неговател на стари и изнемоштени лица алцхајмер-во домашни услови

Позиции за работно место 2: *2 позиции*

Потребни квалификации и занимања за Работно место 2:

Основно образование,средно тригодишно или четиригодишно средно училиште со **стекнат сертификат за неговател на стари и изнемоштени лица алцахајмер**. Право на учество во Програмата "Општинско-корисна работа "имаат невработени лица кои се евидентирани како активни баратели на работа во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, при што приоритет ќе имаат соодветните целни групи дефинирани во Програмата

**Работно место 3:** Неговател на стари и изнемоштено лица мултиплекс склероза- во домашни услови

Позиции за работно место 3: *1 позиција*

Потребни квалификации и занимања за Работно место 3:

Основно образование, средно тригодишно или четиригодишно средно училиште со **стекнат сертификат за негувател на стари и изнемоштени лица** мултиплекс склероза. Право на учество во Програмата “Општинско-корисна работа ”имаат невработени лица кои се евидентирани како активни баратели на работа во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, при што приоритет ќе имаат соодветните целни групи дефинирани во Програмата

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување-Центар за вработување Берово во периодот од **13.11.2025** година до **19.11.2025** година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Берово и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во Општина Берово кај лицето **Даница Пиличовска**, Агенција за вработување- Центар за вработување Берово кај лицето **Маја Зелнички**, Центар за социјлна работа Берово кај лицето **Биљана Миловска**

Општина Берово
Градоначалник
Петар Ружински